Чедо Јакимовски

# ИЗБРАНИ ПЕСНИ

**(Од книгата *ЛЕСНОВСКИТЕ ЅВОНА*, Наше дело, Скопје, 2001 година)**

## *Враќањето на мојата Евридика*

Од кои предели и ноќи твојот глас ме вика
Дали во темните вилаети на сонот пак спиеш
Ти изгубена во ова столетие мртва Евридика
што вон денот, и јавето во некоја билка се криеш
Од кои предели и ноќи твојот глас ме вика

Од сите градски светилки светлоста ја обрав
И со полноќно сонце в очи по ѕвездите скитам
На сончевото срце те цртам Ти света и добра
засекогаш изгубена во невраток Те китам
со светлоста што од сите светилки ја обрав

Те барам во мразот дождовите и непостојаниот ветар
од онаа страна на месецот и неможноста на сонот
Твоето име го испишувам на грбот на миризливиот етар
твојата песна ја ѕвонам на златното небеско ѕвоно

А тебе те нема О тој страшен прекор
на твојот глас што од темни длабочини ме вика
Па болен и крвав слегувам во рајскиот пекол
и таму да те побарам о моја Евридика

**II**

О слепо чекорење по мрачни патишта а врнат
камени дождови и чудни билки ме пијат
Ти спиеше на еден камен и златна и црна
сонот ти го чуваше некаква ретка змија.

За да те разбудам каменот го изгризав со заби
три ноќи мракот со своите очи го горев
Во очите сјајот го изгубив О да би
те разбудил испив бескрајно отровно море.

И тргнавме кон светлоста А страшно и лудо
жед да видам дали си зад мене почна да 'рти
Очите си ги ископав и за чудо
како лудиот Орфеј фатално не се свртив

Те вратив воскресната од пеколот на овој град
и на најстудените ѕвезди им покажав како се љуби
Се вратив изгорен а тргнав силен и млад
тебе те најдов но себе се изгубив

### *Самотно изгнанство*

О заборавен предел пак дојдов без себе
во твојата немоќ од памтивек што зрее
сред тој цвет неоплоден и мирис што гребе
сред своето безличје што изгнанство не е

туку простор кај сонцето сон затворен најде
една отровна песна во крвта да скрие
Па чекам над заборавот времето да зајде
волкот да го убијам во мене што вие

А виежот се претвора во цвет од идно време
и идното сонце со студен сјај го пали
Па не знам дали сум камен во некој предел темен
осуден засекогаш по својата смрт да жали

Или сум црна молња што со огнено длето
повикот по себе го длаби во бел мрамор
А знам самиот се разнесов по светот
и своето проклетство го носам на рамо

*Лесновските ѕвона*

Која ѕвезда згасналаноќва па безумно грмат
лесновските ѕвона Дали е непознат празник
на мртвите што се креваат и со бела срма
ги китат просториите заспани и празни

О дали во мене се буди заспаното море
и како прастаро животно низ жилите ми скита
Сè е затворено Пат ни долу ни горе
ни во себе ни од себе Само како сенка ита

низ моето изгнанство една чудна тага
и лесновските борови ги кити со сјај вечен
Јас од младоста изгубив секоја трага
Сè е затворено и секој збор е речен

Да не умрел некој ноќва па безумно
лесновските ѕвона (Сред беспаќе изгубен стојам)
Додека живите чудни соништа сонат
на исток згасна и ѕвездата моја

*Бигорска чешма*

Сам сум сред ова ридје како ранет елен взори
мракот пее за себе сонцето пред да се јави
На сртот на моите очи заборавен оган гори
луда ѕвезда во моето срце својата болка ја слави

Црпам грстови вода од сонот на белиот мрамор
мртвиот цвет во крвта кон ѕвездите да се крене
Водо ја излекува мојата пустина Само
Дали ќе го излекуваш изгнанството во мене

По секоја капка двапати сум жеден
време жеден ќе умрам на твоето преполно виме
Прво ќе заспијам тихо во сонот на мраморот леден
а потоа ќе сраснам за овој предел без име

Па кој ќе ме разбуди пред новиот пат што ме чека
можеби некои очи полни со изгубена љубов
можеби во ново време недојдена ѕвездена река
или твоите води што паѓаат со тих жубор

## *Фреска*

Сам сум сред црквата И ангелот на ѕидот
како златен витез над времето стои
Пред изворот на вечноста ми го дои видот
со одамна наслутени но незнајни бои

Времето сака да го спепели но се согорува себе
со пламенот што му прска од огнената уста
Птицата на сонот по чело го гребе
и со цвет ја плоди бескрајноста пуста

На мракот и заборавот О ангеле златен
твојот немушт говор со знаци ми вели
крвта од нозете на патот пуст и матен
ќе биде светла ѕвезда што во сјајот ќе ме всели

На патот кон изворите со огнена стрела
ја убивам змијата на стравот пред да ме касне
иако смртта испиша на моето чело
кој го победил мракот од светлоста ќе згасне

## *Песна*

На острите сртови на некој ѕвезден гребен
некој ден ќе пукне животниот конец
Сепак кога удри последниот ѕвонец
ќе шепнеме: во смртта се најдовме себе

Зад нас топол сон ќе остане да спие
ќе блеска во тревите траг од стари стапки
Од идните дрва ќе се ронат капки

во нивната светлост ќе бидеме ние

Над нашите извори ѕвездени и чисти
некој сличен оган ќе продолжи да гори
И пак ќе се љубат во идните зори
нови заљубеници на нас слични, исти

На вратите на јавето залудно ќе чука
нашата врата невреме изгубена река
На некое беспаќе вечно ќе нè чека
И не ќе нè сретне иако сме тука.

***Молчење на дождот***

Дождеше а беше старо време и лето
во некој сплит на некој прастар плочник
стоевме изгубени од чадорот на цветот
што ни го посади тој август во очи
Дождеше а беше старо време и лето

Сонцето нè остави пред Златната врата
заљубени во времето измислени од смртта
бел пречек на оние што не ќе се вратат
што сега по морските беспаќа се вратат
Сонцето нè остави пред Златната врата

Чудно збор ли баравме неречен и таен
или пак се ловевме во престапни сништа
Во некоја стара убавина што трае
на времето и вечноста во идните дништа
Чудно збор ли баравме неречен и таен

Дождеше од сите прозорци и стреи
нè гледаа заљубени галеби а ние
скитавме во сонот по ѕвездени леи
и баравме грешна шума да нè скрие
Дождеше од сите прозорци и леи

Дали зборовите морето ги сокри

па молчевме кога треба да се каже
тајната што нѐ заборави мокри
па сега со еден морски дожд нѐ лаже
Дали зборовите морето ги сокри

Си спомнуваш беше старо време и лето
Во некој сплит на некој прастар плочник
Што ни го посади тој август во очи
Си спомнуваш беше старо време и лето

***Дојран, дожд***

Чунот на сонот ни мина низ свеста И така
нѐ зароби друго време Рој глуждести дрва
двосмислено нѐ гонеа додека во зелената рака
на езерото ко ѕвезда згасна секундата прва

И станавме водни сомувачи Лудо птичје јато
над нас ја скокоткаше езерската мора
Но тогаш заврши Ко метеор од злато
се појави и згасна секундата втора

На клепките тогаш ни легна зелен камен
Искинати спомени минаа како чета
А врнеше кога во нас како пламен
полета и згасна секундата трета

И така се збогувавме со времето Во нас
иднината чекореше со нечујни стапки
А сетака по грбот на езерото ко ѕвона
радосно удираа дождовните капки

## ПЕСНАТА Е ИСКЛУЧИТЕЛНА ИЛИ ВООПШТО НЕ Е ПЕСНА

Чедо Јакимовски[1], од аспект на средувањето на материјалните димензии на нашата литература, живееше кусо, динамично, жестоко, но и одговорно. Одговорно пред сѐ, пред убавината на кажаното и секако пред поезијата како единствена вредност во животот (категорија ретка, но присутна во богатата историја на светската

поезија). Неговиот животен лак (како што ќе рече самиот) не можеме никако да го замислиме без поезијата. Тоа денес сите го знаеме. Исто така, знаеме дека Чедо Јакимовски не можеше да се пофали со некоја поизразена општествена верификација, како кон неговата личност, така и кон неговото дело.

Овој поет - бунтовник на зборот, поседуваше неверојатна моќ на самокритика и претпазливост кога станува збор за објавување на сопствената поезија. Од денешна гледна точка јасно е издиференциран фактот дека тој, како автор на само три поетски книги, единствен зазор имал само од зборот. Од неговата силина и од можноста за негово непотребно злоупотребување. Токму затоа, кога се проследува животниот опус на Чедо Јакимовски како читатели се судруваме со еден граничен бедем на верба во поезијата, но и на страв од поезијата, доколку се создаде нешто што е надвор од нејзините девствени простори.

Крајниот резултат на овој аскетски поход се 96-те песни, во вистинска смисла на зборот, во кои не постои место за импровизација и непотребности. Да се пишува за Чедо Јакимовски, значи предизвик да се навлезе во зоната на најопасните високи и естетски текови на поезијата, многу блиску до нејзините врвови.

Овој буден мечтател, вечно распнат на лимбовите, никогаш не беше сонувач кој само за сонот ја заборава стварноста. Посебно сопственото време, потеклото и одот по животните врвици. Овој трнлив пат, исполнет со безброј стражи од метафори, рими и јамбови, никако не му дозволуваше да отстапи “конец“ подалеку од просторот каде што е апсолутно суверен – поезијата. Едноставно, Јакимовски поседуваше моќ за временска интерпелација и позитивна селекција, толку потребна за едно вистинско поетско осознавање. Беспоштедно, сè до оној миг, како што би рекол и самиот - додека не се убие волкот што вие во себе.

Овој создавач на пораки, ова огнено поетско длето, остави длабоки траги во нашата поезија потврдувајќи ја, по којзнае кој пат, тезата дека поезијата на вистинскиот поет е составена од непознати нешта, препознатливи на сите (нив не ги препознаваат само литературните лажеци и праматари, толку присутни во македонската литература). Ова е вистинскиот пат по кој Чедо Јакимовски освојуваше, сонуваше, боемуваше и пленеше. Тој златен витез на македонската поезија кој, за жал, сè уште чека на заслужното место на нашата затворена книжевна историја, ја даруваше нашата литература само со три поетски книги. Ова мало, но огромно богатство треба на многумина да им ги отвори обете очи.

Читајќи ги стиховите на Јакимовски доаѓаме до одговор на многу дилеми, пред сè, за оправданоста на поезијата, за времето, па и за скудноста.

Омилениот поет на Чедо Јакимовски, хрватскиот проколнатик Тин Уевиќ, за поетот вели дека е медиум низ кој дуваат "сили непознати". Тоа е длабоко парадоксално, бидејќи Чедо Јакимовски успеа таа вечна битка да ја добие со една јасна и препознатлива поетска сила, иманентна единствено нему.

Од оваа трансцедентност Јакимовски излегува со порака дека песната се раѓа, носи, но и прави. Чедо беше мајстор на занаетот, версификатор и поетски филигран, кој на еден сонет знаеше да работи и со месеци. Така се средуваше мозаикот (животниот) од слики, сеќавања, болки, радости и трагедии. Сето тоа зацрта едно непишано правило за поезијата на Чедо Јакимовски, а тоа е императивот дека песната е или исклучителна или воопшто не е песна. Значи, совршенство или смрт. Тргнувајќи по оваа тврда линија во опусот на Чедо Јакимовски многу брзо ќе се увериме дека жестокоста на создавањето го оправдува овој редок (барем за македонски прилики) апсолутизам.

Читајќи го Јакимовски не обзема еланот, но и отпорот, со кој поетот ги поврзува празнините, студените места во душата и секојдневните мали светови, наречени - живот. Во тој поход зборовите се армија, а музиката небесна сила, која виртуелно ги милува и морето и каменот, но и кафеанскиот простор исполнет со чад и љубов. Секако, и родниот крај, и домот, како единствената поетика на просторот што никогаш не се напушта. Во суштина, вистинскиот поет каде и да е секогаш припаѓа таму, во татковиот дом.

Да се дели поезијата на Чедо Јакимовски на делови е строго деликатна работа, бидејќи делови нема. Едноставно таа е неразделива, од причини што само во една песна можеме да пронајдеме (ако сакаме и ако знаеме) стојалишта за многу теми, дилеми и размисли. Затоа, Чедо Јакимовски треба да се чита само како дел од големата легија на вистински поети - проколнатици. создавачи на најголемата колективна поетска агонија на поетскиот 20-ти век. Без сомнение Македонија во поезијата на Јакимовски има таква воздишка за прекор.

Без разлика дали Јакимовски пишува за морето, школката. сливата во родното Кратово, Нарциса или Евридика, или пак за тажниот Јорик и несреќната Надежда Мандељштам, темата на тој однос секогаш е спој на строго препознатлив поетски пристап. Внатрешен круг во кој може да се влезе и да се остане буден засекогаш и покрај тоа што времето е крик што не може никој да го слушне.

Познавајќи го Чедо Јакимовски можам да истакнам дека неговиот пристап кон животната линија секогаш ме фасцинирал. Таква храброст може многу ретко да се запознае. За него секој чекор, секоја песна, секоја ноќ беше само уште еден простор кон смртта, кој е страотен, без да размислува што може да се случува

потоа кога мигот ќе се сврши. Нема подобар пример за овој уништувачки футуризам, исполнет со катастрофална резигнација од неговата песна "Песна":

*На острите сртови на некој ѕвезден гребен*
*некој ден ќе пукне животниот конец*
*Сепак кога удри последниот ѕвонец*
*ќе шепнеме: во смртта се најдовме себе*

*Зад нас топол сон ќе остане да спие*
*ќе блеска во тревите траг од стари стапки*
*Од идните дрва ќе се ронат капки*
*во нивната светлост ќе бидеме ние*

*Над нашите извори ѕвездени и чисти*
*некој сличен оган ќе продолжи да гори*
*И пак ќе се љубат во идните зори*
*нови заљубеници на нас слични, исти*

*На вратите на јавето залудно ќе чука*
*нашата врата невреме изгубена река*
*На некое беспаќе вечно ќе нè чека*
*И не ќе нè сретне иако сме тука.*

Читајќи ја денес оваа песна - аманет, во многу нешта го дополнувам моето секогаш високо мислење за Чедо Јакимовски. Во "Песна" доминира препознатливата нишка на храброста, да погледнеш со прекор кон смртта, да заиграш танц спротивен од нејзиниот и до крајот на твојот живот да бидеш на каршилак со неа. Без разлика тоа кратко и да трае. Тоа беше големина. Тоа беше поетска сила која остана доследна до себе. Никогаш, па и тогаш кога крајот веќе се гледаше и беше јасно дека повеќе нема назад, Јакимовски не отстапуваше од сопствената визија. Тој знаеше дека така мора да биде. Како што би рекол Пастернак, живееше во очекување на мигот кога "треба да се мине полето". Едноставно, нешто беше многу посилно кај Чедо Јакимовски за да можеме да очекуваме дека стравот од смртта ќе ги сопре, или барем ублажи жестоките ритмови и грабења напред во поезијата, но за жал и грабења надвор од материјалниот живот.

Голема е одговорноста со која бев почестен да го познавам лично овој исклучителен поет, а уште поголемо е чувството дека го делев неговото пријателство и неговото почитување на мојот дом. Сигурен сум дека историјата и времето што доаѓа ќе го исправи сето отклонување од сјајот на оваа поезија. Поинаку не може и тоа

апсолутно ќе се случи. Токму затоа овие собрани песни на Чедо Јакимовски треба да поработат на отворањето на совеста кај некои заглувени и закоравени толкувачи на македонската поезија. Планините од лажни вредности мора да бидат помрднати.

***Братислав Ташковски***

[1]Чедо Јакимовски е роден во Кратово на 22 февруари 1940 година. Во родниот град завршува основно образование, во Скопје Учителска школа, а на Филозофскиот факултет, група Југословенска книжевност, дипломирал во 1966 година. Починал во Скопје на 12 јануари 1993 година.

Во текот на своите студии бил претседател на Литературниот клуб "Мугри '59" на Универзитетот во Скопје. Неколку години учителствувал во Кратовско. По дипломирањето работел најпрво како соработник на весникот "Млад борец", а од 1967 година како негов главен и одговорен уредник. Бил советник во Републичкиот секретаријат за информации. Член на Друштвото на писателите на Македонија е од 1966 година, а работи и како негов секретар. Се занимавал со преведувачка дејност. За збирката "Нарциса" ја добива наградата "Млад Борец" во 1967 година, а за стихозбирката "Лажно море" наградата "13 Ноември".

Застапен е во антологиите на македонската и странската поезија.

Ракописната оставина на Чедо Јакимовски (објавените и необјавените песни) е депонирана во Ракописниот фонд на Народната и универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски" - Скопје и ќе бара истражување и проучување од компетентни историчари на литературата.